Пречистен текст 07.09.2023

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија, Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија на ден 21.07.2020 година го донесе следниот правилник :

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, УЧЕСТВО И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАКОМЕТНИ НАТПРЕВАРИ

Со овој Правилник се уредуваат условите, постапките и обврските на спортските клубови за организација на спортски натпревари при системот на РФМ во понатамошниот текст Организатор.

## Член 1

Организатор на спортски натпревар во смисол на член 57 од Законот за спорт е обврзан:

- Обезбеди непречено и безбедно одвивање на спортски натпревар ;
- Ги превземе сите мерки да спречи дејствија кои предизвикуваат ризик за спортистите, гледачите и другите учесници на спортскиот натпревар како и за трети лица ;
- Ги превземе сите безбедносни мерки за спречување насилство и неспортско однесување и превземе мерки за спречување на појави кои влијаат негативно на спортот воопшто ;
- Да го пријави натпреварот до надлежните институции во согласност за Законот за спорт и останати позитивни законски прописи ;

## Член 2

Организацијата на конкретен спортски натпревар го спорведува Организаторот со задолжено техничко лице. Организаторот е должен да го спроведе натпреварот во согласност со Правилникот за организација, Пропозициите , Правилата на ракометна игра, Законот за спорт и останати позитивни законски прописи. Организаторот, техничкото лице го пријавува со пријавата за конкретен натпревар седум дена пред одигрување, односно најдоцна 96 часа пред одигрување на натпреварот.

## Член 3

Обврската на Организаторот во насока на безбедноста на спортистите и другите учесници врз основа на овој Правилник ги обезбедува следниве услови :

- Спортскиот објект во кој се организира натпреварот да ги исполнува минималните технички услови согласно Правилникот за ракометна игра ;
- Спортскиот натпревар да биде претходно пријавен во согласност со Законот за спорт до надлежните институции ;

- Редарската служба на конкретниот натпревар да бори еден редар на 200 гледачи, односно најмалку еден редар на 50 гледачи во услови на натпреварот да е прогласен од висок ризик;
- Да има детален план во согласност со Законот за спорт кој содржи проценка на ризик за безбедност , план на обезбедување, план за евакуација на спортскиот објект во согласност со МТУ, пресметка на сигурносниот капацитет на објектот ;
- сите делови од спортскиот објект вклучувајќи ги сите приоди да се обезбедни соодветно за непречено одвивање на натпреварот и да се спречи насилство и недолично однесување;
- Објектот треба да содржи рамномерно озвучување кое ќе овозможи комунакација на гледачите со соте делови на објектот
- Излезот и влезот во соблекувалната на спортистите и службените лица односно трасата до теренот за одигрување 60 минути пред почеток на натпреварот мора да биде недостапен за гледачите за цело време траење на натпреварот и по завршување на натпреварот ;

**Член 4**

Посебни обврски на Организаторот на спортскиот натпревар се следниве :

- Да ја пречека гостинската екипа и да одржат сите неопходни комуникации за претходни потреби пред одигрување на натпреварот ;
- Да ги пречека службените лица (судии, делегати, контролори ) и да се одржат сите претходни комуникации пред одигрување на натпреварот ;
- Да приложи доказ за исплата на надоместокот за службените лица на натпреварот ;
- Да обезбеди користење на своите простории (соблекувални и службена просторија) еден час пред одигрување на натпреварот ;
- Да овозможи најмалку 30 минути загревање на екипите пред одржување на натпреварот ;
- Да ангажира лице за кој ќе води сметка за благовремено сочинување на записникот пред почеток на натпреварот ;
- Да постави на видно место знаме на Република С. Македонија и знаме на РФМ ;
- До колку има модератор истиот да биде претставен на делегатот на натпреварот;
- Да обезбеди потполна безбедност на гостинската екипа и службените лица на натпреварот од моментот на пристигање на спортскиот објект до заминување од спортскиот објект , односно до колку има побарување и до заминување со превозното средство на гостинската екипа и службените лица ;
- Да води сметка за редот во спортскиот објект и да овозможи непречени услови за одвивање на спортскиот натпревар ;
- Да обебезбеди медицинско лице-лекар со прибор за прва помош за цело време траење на натпреварот , без присуство на медицинско лице натпреварот не смее да започне, а до колку медицинското лице биде принудено да го напушти натпреварот истиот не смее да се продолжи ;
- Да овозможи технички состанок со одговорен претставник на гостинската екипа 60 минути пред почеток на натпреварот ;

- Да обезбеди просторија и интернет (wifi/wlan/преносен) за сочинување на електронскиот записник од страна на делегатот пред почетокот на натпреварот ;
- Да обебзбеди 3 зелени картони со буквата „Т“ за секоја екипа , со големина 20х20 см за тајм – аут ;
- Да обезбеди 2 лица повозрасни од 14 години , истите да бидат обележани со маркер кој на побарување на судијата ќе биде задолжен во случај на потреба за бришење на подот ;
- До колку побарува гостинската екипа да се обезбедат 10 % од вкупниот капацитет на влезниците за нивни потреби ;
- Да спроведе Livestream пренос на натпреварот во HD резолуција ( HD SDI 1080-16:9 @50i ) на YouTube каналот на РФМ со соодветна графика од натпреварот (време, резултат, исклучувања на 2 минути ...). За необезбеден пренос со предвидена спецификација на натпреварот клубот ќе биде санкциониоран парично со 30.000,00 денари ;
- Да обезбеди најмалку 10 места означени со “PRESS” за новинари со пристап за интернет;
- Учесниците во највисок степен во Супер лигата (машка), Женска лига и Прва лига (машка) имаат должност да достават до присутните претставници на медиумите копија од записник пред одигрување на натпреварот и по завршување на истиот.

**Член 5**

Гостинската екипа има обврска најмалку 45 минути да биде на теренот за одигрување на натпреварот пред предвиденото време за отпочеток.

Сите службени лица (судии, делегати или контролори, записничар, мерач на време , медицинско лице задолжено за натпреварот и сите останати за спроведување) да бидат присутни во спортскиот објект најмалку 60 минути пред времето предвидено за отпочеток на натпреварот.

На техничкиот состанок , кој се одржува најкасно 60 минути пред почеток на натпреварот обврска за учество имаат : одговорен претставник на домашната екипа , одговорен претставник на гостинската екипа, службените лица (судии, делегат / контролор ), техничкото лице за спореведување на натпреварот одреден од Организаторот.

Техничкиот состанок го води Делегатот/Контролорот со следниот дневен ред :

- Претставување на сите присутни ;
- Организаторот ги претставува мерките превземени во делот на безбедност ;
- Список на екипите доставени од претставниците на домашната и гостинската екипа;
- Одредување боја на дресови ;
- Доставување на лиценци од страна на тренерите ;
- Договор за процедура за доставување на зелен картон за побарување тајм-оут;
- Почитување на зоната на движење на тренерот ;
- Обврска на играчите за задолжително одење во соблекувална за полувреме ;
- Најава за прес – конференција (по барање на Организаторот), обврска за присуство имаат тренерите на двете екипи и по еден играч;
- Обврски на службените лица по завршување на натпреварот;
- Останато

По завршување на техничкиот состанок се сочинува записникот со составите на екипите.

Техничкиот состанок за финалниот турнир за КУП и СУПЕР Купот, терминот и местото го одредува Натпреварувачка комисија.

Во просторија при сочинување на записникот имаат право на присуство :

- Одговорните претставници на двете екипи
- Делегат/ котролор и судии
- Записничар и мерач на време
- Записничарот
- Медицинското лице-лекар  задолжено за натпреварот

Записникот за натпреварот мора да биде завршен со сите внесени податоци најмалку 30 минути пред почеток на натпреварот.

Натпреварите се играат по Меѓународни правила на ракометната игра, нормативните акти на РФМ и позитивните законски прописи. Екипите пред натпреварот во записникот може да внесат најмногу 16 ракометари, а минимум 10 ракометари. Во случај да една од екипите не пријави минимум 10 ракометари пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра и ќе биде регистриран со резултат 10:0 за противничката екипа и -1 бод за екипата која немала минимум 10 ракометари пред натпреварот.

Во случај и двете екипи да немаат минимум 10 ракометари пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра а на двете екипи ќе им се одземе по -1 (еден) бод од бодовното салдо.

**Член 6**

Судиите имаат обврска пред почеток на натпреварот согласно Правилата за ракометна игра да го прегледаат теренот, јачина на светло, функција на мерни уреди и останато за утврдување на елементарни услови за отпочеток на натпреварот.

До колку судите утврдат недостатоци согласно член 6 став 1 ќе побараат веднаш да бидат отстранети, во случај да нема можност да бидат остранети недостатоците ќе го известат делегатот / контролорот и ќе донесат одлука за одигрување на натпреварот ако истите не влијаат за нормално одвивање на натпреварот, а недостатоците ќе ги забележат во записникот .

**Член 7**

До колку е предвиден директен ТВ пренос на натпреварот, организаторот е задолжен да го закаже во време период натпреварот по насока од ТВ куќата.

Организаторот е должен да овозможи достапност на ТВ екипата за непречено движење во спорткиот објект за спорведување на преносот , како и да ги приспособи своите капацитети за истото.

**Член 8**

Во случај на попречување за нормално одвивање на натпреварот во спортскиот објект предизвикано од виша сила , натпреварот може да биде одложен .

Натпреварот одложен од став 1 Организаторот има обврска да го спроведе односно одржи во рок од 24 саата во друг спортски објект или постоечкиот пријавен од кога ќе се доведе во нормала за одржување на спортски натпревари.

За ставот 1 и 2 од овој член одлучуваат Делегатот/ контролор и судиите.

Во случај на неодигрување на натпреварот по вина на Организаторот, ќе биде покрената дисциплинска постапка.

**Член 9**

Сите службени лица (судии,делегат/контролор,записничар,мерач на време,медицинското лице-лекар) имаат обврска да бидат во пропишана опрема 15 минути пред предвиденото време за отпочеток на натпреварот.

**Член 10**

Натпреварот почнува во точно време на закажаното, времето за отпочеток го одредува делегатот/контролорот на натпреварот.

До колку една од екипите не е во можност да го почне натпреварот во времето предвидено за почеток на истиот , времето за отпочеток ќе биде продолжено за 30 минути од страна на делегатот / контролорот до колку постојат услови за користење на спортскиот објект продолжено за 30 минути.

За ставот 2 од истиот член се покренува дисциплинска постапка.

**Член 11**

До колку една ракометна екипа не дојде на закажаниот термин , должна е благовремено да го извести комесарот/комисијата за спроведување натпревари и да достави документи од надлежна институција или од превозникот во зависност од причините за изостанокот, оправданоста на истите ги оценува комесарот за натпреварување со дисциплинската комисија во прв степен.

До колку гостинска ракометна екипа не одигра натпревар од оправдани причини , должна е да ги надомести сите трошоци на Организаторот кој ги има при организација за натпревар во висина одредена од страна на комесарот за натпревари и дисциплинската комисија во прв степен.

За неодигран првенствен натпревар од неоправдани причини екипата го губи натпреварот со службен резултат 10:0 и минус еден (-1) бод од бодовното салдо, ако екипата нема освоено бодови, тогаш бодот ќе се одземе од следни освоени бодови. За неоправданоста ја оценува Комесарот/Комисијата за натпревари за натпреварување со Дисциплинската комисија на РФМ во прв степен.

**Член 12**

Времетото на одложување/доцнење на почетокот на натпреварот е дозволено најмногу до 30 минути на ракометна екипа, судија, делегат/контролор, записничар, мерач на време и медицинско лице со претходна најава, а по поминувањето на 30-те минути се постапува како следи :

- До колку една од екипите доцни повеќе од 30 минути, ке се продолжи со дополнителни 30 минути, обврска на делегатот/контролорот да организира натпреварот да се одигра со задоцнување од 30 минути или да се утврди соодветен термин за одигрување;
- До колку судиите доцнат , а при тоа го имаат најавено своето доцнење ќе се продолжи најмногу до 60 минути ;
- До колку делегатот /контролор доцни повеќе од 30 минути , натпреварот ќе започне а улогата на делегатот / контролорот ќе ја превземе прво именуваниот судија
- До колку записничарот или мерачот на време доцни повеќе од 30 минути, делегатот / контролорот ќе ја превземе функцијата или ќе задолжи некој по предлог од Организаторот;
- До колку медицинското лице доцни повеќе од 30 минути, а при тоа го има најавено доцнењето не смее да трае повеќе од дополнителни 30 минути;

За сите точки по Член 12 ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 13**

До колку на натпреварот не дојде еден од делегираните судии , натпреварот ќе го води еден судија присутен.

До колку делегираниот делегат / контролор не се појави на натпревар, натпреварот ќе го води делегат / контролор од утврдена листа ако се најде во спортскиот објект во договор со екипите. До колку во спортскиот објект нема спортски работник делегат/контролор , должноста ја превзема првоименуваниот судија.

До колку делегарани судии не се појават на натпревар , а при тоа не го најават своето отсуство натпреварот ќе биде одложен,термин за одигрување ќе биде доплнително утврден од страна на Комесарот за натпреварување во договор со екипите.

За сите ставови од Член 13 ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 14**

На записничката маса , просторот одреден за седење на екипата и движење на службените лица , тренерот дозволено е за следниве лица:

- На записничка маса може да седат само делегат/контролор, записничар, мерач на време ;
- Модератор за водење на натпреварот ;
- Медицинско лице-лекар , видно униформиран одвоено од зоната предвидена на став 1 во правец на соблекувалните ;

- Позади записничка маса до колку постои можност да биде присутно техничкото лице одредено од Организаторот за спорведување на натпреварот;
- На клупата за резервни играчи може да седат најмногу 9 играчи (иземајќи ги оние кои имаат суспензија од 2 минути) тренер и 3 службени лица од екипа ;

**Член 15**

Сите службени лица од ракометна екипа на терен , тренер и трите службени лица мора да имаат пропишани ознаки – акредитации.

Должност на тренерот и трите службени лица на ракометна екипа кои фигурираат во записник се должни да носат акредитации со ознаки А,Б,Ц и Д.

Право на комуникација со записничка маса на службените лица од ракометна екипа има само лицето кое фигурира во записникот и носи акредитација под ознака А – одговорен претставник на екипата.

**Член 16**

Сите резервни играчи и службени лица мораат да седат на клупата за резервни играчи, а дозволено е краткотрајно станување на играчите само во случајот за загревање пред да влезат на терен за игра (без топка, зад клупа ако има можности за истото).

Тренерите и службените лица на екипата не е дозволено станување од клупа во текот на натпреварот, освен еден е дозволено да стои за време траење на натпреварот и да се движи во зоната предвидена за движење за време натпреварот, во согласност со Правилата за ракометна игра.

**Член 17**

Процедура пред отпочеток на натпреварот :

- На 7-10 минути пред почеток на натпреварот судиите означуваат крај на загревањето и ги повикуваат капитените на екипите или одговорно лице на екипата за одредување на која екипа ќе го изведе првото фрлање ;
- На 6 минути пред почетокот на натпреварот, а на знак на судиите ги повикуваат играчите да се постројат пред записничката маса (пред нивната клупа) и од таму заедно се движат кон центарот на теренот , построени ја поздравуваат публиката ;
- На 5 минути пред почеток на натпреварот , модераторот врши најава на натпреварот , соопштувајќи ги називите на екипите од кое место доаѓаат , називот на лигата како и колото на одигрување;
- Модераторот ја претставува гостинската екипа започнувајќи од капитенот а потоа останатите играчи, и на крајот тренерот и останатите службени лица кои се во записникот, потоа се преминува кон домашната екипа со истиот редослед ;

- На крајот се претставуваат судиите и делегатот / контролорот, записничарот,мерачот на време и медицинското лице;
- По претставувањето екипите се должни да се поздрават меѓу себе , како и со судиите;
- Тренерите со службените лица од екипите се должни да се поздрават,како и со службените лица на натпреварот;
- Пред почеток на натпреварот модераторот е должен да го прочита текстот за фер-плеј како што следи :
  „Почитувани дами и господа , драги гледачи , во духот на фер игра, а со почитување кон сите спортисти , службени лица , љубезно Ве замолуваме да дадете подршка на Вашата екипа на фер и спортски начин и на тој начин да создадеме позитивна атмосфера во раометниот спорт. Ви благодарам.“
- Во текот на натпреварот модераторот ги известува гледачите за движење на резулатот, имиња на играчите кои постигнуваат голови и имиња на играчи,тренери и службени лица на екипите за изречените санкции.
- По завршување на натпреварот модераторот го соопштува резултатот, екипите ја поздравуваат публиката , се постројуваат на центар се поздравуваат и екипите меѓусебе, а капитените се должни да се поздрават и со службените лица задолжени за водење на натпреарот.

**Член 18**

Записникот се изготвува веднаш по завршување на натпреварот на записничката маса или просторијата предвидена за службени лица. Записникот се потпишува од страна на претставниците на екипите, судиите, делегатот /контролор , до колку следува примедба на истиот се забележува, до колку следува дополнителна писмена примедба истата се прибележува во записникот. Делегатот оцените за судиите ги праќа дополнително на електронската адреса на натпреварувачка комисија/комесар и електронската адреса на првенството односно: RFM.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk

Организаторот е должен да овозможи на делегатот/контролорот, по завршување на натпреварот овоможи праќање на записникот со сета документација на наведените електронски адреси од став 1 на овој член.

**Член 19**

Организаторот е должен за гостинската екипа и службените лица до колку истите побаруваат да ги спорведе до своите превозни средства , до колку патуваат со јавен транспорт да ги придружува до најблиската станица.

**Член 20**

Натпреварот може да биде времено прекинат во следните случаеви :

- Во услови на Виша сила (нагли промени на температура, временски непогоди, смалување на видливоста на терен), продолжување на текот на натпреварот ќе биде овозможен по одстранување на пречките но не повеќе од 2 часа;

- До колку медицинското лице биде принудено да го напушти натпреварот, Организаторот е должен да обезбеди негова замена;
- До колку дојде до фрлање предмети на терен , делегатот /контролорот ќе побара од Организаторот да се воведе ред или да се испразни дел од трибинскиот капацитет, а натпреварот ќе биде продолжен по спроведување на истото;
- Недолично однесување од страна на гледачите;
- Одлука за привремен прекин носат судиите во консултација со делегатот/контролорот;

За ставовите 2 , 3 и 4 од членот 20 ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговорност.

**Член 21**

Натпреварот може да биде трајно прекинат во следните случаеви:

- Дојде до физички напад ,физичка пресметка или вербален напад од страна на гледачите, играчите, тренерите, службените лица на екипите, судиите или делегатот/контролор ;
- Дојде до физички напад ,физичка пресметка или вербален напад помеѓу гледачите и присутните на теренот , а по оценка на службените лица задолжени за водење на натпреварот (судии , делегат/контролор) утврдат дека нема услови за продолжување на истиот;
- До колку медицинското лице биде принудено да го напушти натпреварот , а Организаторот не најде адекватна замена;
- Одлука за траен прекин на натпреварот донесуваат судиите во консултација со делегатот/контролор.

За ставовите 1,2 и 3 од членот 21 ќе биде покрената дисциплинска постапка за утврдување на одговороност.

**Член 22**

Доколку во тековната натпреварувачката сезона од неоправдани причини некоја екипа не одигра 2 (два) првенствени натпревари, се исклучува од натамошно натпреварување а одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории. Истото важи и за екипите пријавени во младински категории (се исклучуваат нивните сениорски екипи)

Доколку во тековната натпреварувачка сезона во последните 3 натпреварувачки кола некоја екипа не допатува или на свој терен не одигра 1 (еден) првенствен натпревар од неоправдани причини, екипата се исклучува од понатамошно натпреварување а одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории. Истото важи и за екипите пријавени во младински категории (се исклучуваат нивните сениорски екипи)

Екипа која нема да одигра Куп натпревар во групна фаза или Ф4 ќе биде исклучена од натпреварувањето во тековната сезона а одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години, истото ќе се однесува и за сите нејзини младински категории.

Нејзините резултати постигнати во регуларниот дел од натпреварувањето се бришат ако екипата одиграла помалку од 51 % од натпреварите во регуларниот дел;

А во случај да има изиграно повеќе од 51% од натпреварите од регуларниот дел тогаш останатите натпревари се регистрираат со службен резултат 10:0 (-1) бод по натпревар.

Ракометните клубови наведени согласно претходните ставови на овој член, во следната натпреварувачка сезона доколку пријават учество истите треба да достават барање и пријава до Натпреварувачка комисија при РФМ/Комесар, Комисијата за регистрација и Комисија за лиценцирање со приложена уплата од 200.000,00 денари на сметка за развој на младинскит ракомет, пријавата и барањето ќе бидат разгледани од органите и телата на РФМ и одлуката која ќе биде донесена ќе биде конечка а уплатените средства се неповратни.

**Член 23**

За неизвршување на обврските утврдени во овој Правилник ќе биде покрената дисциплинска постапка согласно Дисциплисnкиот правилник при РФМ.

**Член 24**

Овој правилник стапува на сила осмиот ден, од денот на неговото донесување од страна на Управниот Одбор на РФМ.

**Ракометна Федерација на Македонија**

# ПРИЈАВА

## НА НАТПРЕВАР ВО СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРИ ПРИ РФМ

| | |
|---|---|
| СТЕПЕН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ | |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ | |
| ДАТУМ НА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР | |
| БРОЈ НА КОЛО | |
| ТЕРМИН (ВРЕМЕ) ЗА ОТПОЧЕТОК НА НАТПРЕВАР | |
| МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР | |
| СПОРТСКА САЛА | |
| БОЈА НА ДРЕС- ДОМАЌИН | |
| БОЈА НА ГОЛМАНИ-ДОМАЌИН | |
| ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР | |

ДОСТАВЕНО ДО:

1. Канцеларија на РФМ
2. РК (Противничка екипа)

***Со поднесување на оваа пријава Организаторот изјавува дека натпреварот ќе биде организиран и спроведен согласно Законот за спорт, нормативните акти на РФМ и останати позитивни законски прописи.**

**Дата:**

**Ракометен Клуб :**

**Одговорно лице**

-------------------------

**М.П**